**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД ВТОРАТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

„СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА“

Штип, 27.05.2017

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола Димитров

Проф. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола Димитров
Проф. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Драшко Атанасоски
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова
Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова
Доц. д-р Оливер Филипоски
Доц. д-р Душко Јошески
Асистент докторант м-р Душица Санева
Асистент докторант м-р Наташа Колевска
Асистент докторант м-р Анета Стојановска Стефанова

**Програмски одбор:**

Nikola Dimitrov (University Goce Delcev, Stip),
Dejan Metodijeski (University Goce Delcev, Stip),
Suzana Djordjevic Milosevic (University Singidunum, Belgrade),
Georgi Michev (Enoteque Nature, Dolna Banya),
Ibish Mazreku (University Haxhi Zeka, Peć),
Halit Shabani (University Haxhi Zeka, Peć),
Nexhdet Shala (University Haxhi Zeka, Peć),
Fotis Kilipiris (Alexander Technological Educational Institute of Thessaloniki)

**Печати:**

2-ри Август, Штип

**Тираж:**

100

**Дизајн на корица:**

2-ри Август, Штип

**Адаптација на текст од српски и бугарски јазик:**

Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова

Проф. д-р Дејан Методијески

**Техничко уредување:**

Проф. д-р Дејан Методијески

**Дизајн на корица:**

Бојан Матејин

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
338.48(497.7)(062)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката" (2 ; 2017 ; Штип)
Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", Штип 27.05.2017 [Електронски извор] / [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2017
Начин на пристап (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/zbornici.html. - Текст во PDF формат, содржи 272 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 31.10.2017. - Фусноти кон
текстот. - Библиографија кон трудовите
ISBN 978-608-244-444-4
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 104741386

# СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА .................................................... 7

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ ......................................................... 20

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ............................................... 22

АНАЛИЗА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО БИЗНИС СЕКОРОТ ..................... 23

**Симона Ѓуревска, Фросина Јакимовска, Оливер Филипоски**

КОМБИНИРАН ТРАНСПОРТ – LKW WALTER ..................................... 30

**Драшко Атанасоски, Моника Станковска**

ИМОТНОТО ОСИГУРУВАЊЕ КАКО ПРЕДМЕТ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО И МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНКА И ШТЕТА................................................. 40

**Адријана Мижорова, Тања Ангелкова Петкова**

СОВРЕМЕН ТРЕТМАН И ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ЦВРСТ ОТПАД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ................................ 46

**Ристо Георгиев, Дарко Огнаноски, Никола Димитров**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ЗА КВАЛИТЕТОТ НА КОМПАНИЈАТА NEO LIFE NUTRIENCE КАЈ ЧЛЕНОВИТЕ .......................................... 56

**Татјана Ѓорѓиева**

ЖЕНАТА КАКО ПРЕТПРИЕМАЧ ВО ТУРИЗМОТ ................................. 65

**Марија Магдинчева-Шопова, Кирил Постолов, Симона Савиќ**

МЕЃУНАРОДНИТЕ САЕМИ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ И ТУРИЗМОТ........................................................................... 76

**Дејан Методијески, Ердоан Џеладин, Душица Санева**

СТРАТЕГИСКИТЕ АЛИЈАНСКИ И ПРОМЕНИТЕ НА КОНКУРЕНТСКОТО ОКРУЖУВАЊЕ ........................................................................ 88

**Халит Шабани, Афердита Шабани**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ......................................................... 99

УЧЕСТВОТО НА ВИНАРИЈАТА „ШАТО КАМНИК" ВО ПОНУДАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ВИНСКИ ТУРИЗАМ ............................................ 100

**Бисера Бозаревска**

КЕТЕРИНГОТ КАКО ТРЕНД ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ФАКТОР ЗА

РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ................ 105

**Зоран Николовски, Билјана Николовска, Јулијана Саздова**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН .................................................................................... 113

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Ивана Митева**

РЕСТОРАНСКАТА ПОНУДА ПРЕКУ РАЗНОВИДНОСТА НА КАРТИ ЗА ИЗБОР НА УСЛУГИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО .................................. 119

**Јулијана Саздова, Горан Антониевски, Митко Коцев**

СОМЕЛИЕРСТВО - СТРУЧНА СИМБИОЗА МЕЃУ КУЛИНАРСКИОТ И ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ ............................................................... 128

**Георги Мичев, Дејан Методијески**

ЗНАЧЕЊЕТО НА ПЛАНИНАТА КОЖУФ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ............................................................ 138

**Тања Ангелкова Петкова, Марија Станојкова, Љупка Атанасова**

ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ДОЦНОАНТИЧКИОТ ГРАД БАРГАЛА ........................................................................................ 146

**Нако Ташков, Ивана Ананиjева, Симона Атанасова**

УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ПРЕКУ РАЗВОЈОТ НА БЕСПЛАТНИТЕ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 156

**Анета Стојановска-Стефанова**

ИНОВАТИВНИ ИДЕИ  ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ......................................... 169

**Никола Димитров, Марија Магдинчева-Шопова, Јованка Цуклева-Анастасовска**

МЕНАЏМЕНТ СО БИЗНИС ИЗВОНРЕДНОСТА НА ХОТЕЛИТЕ ............ 179

**Хајра Шкриељ, Ибиш Мазреку, Неџет Шала**

ЕКОТУРИЗМОТ КАКО СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................................................... 192

**Љупчо Јаневски**

НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО ЕКОТУРИЗМОТ – „OFF THE GRID“ ТУРИЗАМ ........................................................................................... 204

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова**

БИОДИВЕРЗИТЕТОТ КАКО РЕСУРС ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ, ПРЕКУ ПРИМЕРОТ ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК „СТАРА ПЛАНИНА" .................. 213

**Невена Симиќ, Наташа Вулиќ, Сузана Ѓорѓевиќ Милошевиќ**

МОЖНОСТИ ЗА ПОДДРШКА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ ПРЕКУ ИНТЕГРИРАН РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА И ТУРИЗАМ ......................................................................... 221

**Душица Рајковиќ, Сузана Ѓорѓевиќ Милошевиќ**

КОН БИОКЛИМАТСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДРЕДЕН ТУРИСТИЧКИ РЕГИОН НА ОСНОВА НА КОРИСТЕНИ ПОДАТОЦИ .......................... 233

**Пламен Лаков**

SOME PROBLEMS OF BULGARIAN CULTURAL TOURISM .................... 244

**Evgeniy Stojanov**

ПРОСТОРНИ И РЕГИОНАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ НА ШТИП И ОЧЕКУВАНИ ТУРИСТИЧКИ ИМПЛИКАЦИИ ...................................................... 253

**Никола Димитров, Душко Јошески, Наташа Митева**

УДК 338.486.4(497.74)

# ИНОВАТИВНИ ИДЕИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола Димитров, Марија Магдинчева-Шопова, Јованка Цуклева-Анастасовска**

nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
anastasovajovanka@yahoo.com

**Клучни зборови:** Туризам, Југоисточен регион, мали претпријатија, иновативност, туристичка понуда

**Апстракт:** Природните убавини, чистата околина исполнета со езера, планини, водопади, термални води, етно-села, манастири, како и локалните манифестации, традиционалната храна и гостопримството претставуваат предуслови за формирање на оригинална туристичка понуда. Со цел привлекување на поголем број туристи преку кои ќе се поттикне развојот на туризмот во овој регион, потребна е примена на соодветен иновативен пристап во креирањето на понудата и прилагодување на дејноста на работа на малите претпријатија во областа на туризмот. Основна цел на овој труд е да укаже на улогата и значајноста на иновативната туристичка понуда како основен фактор за развој на туризмот.

## 1. Вовед

Југоисточниот регион е еден од осумте статистички и плански региони во Република Македонија. Регионот ги опфаќа Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската Котлина, односно сливното подрачје на Струмичката Река и долното сливно подрачје на реката Вардар. Неговата површина е 2.739 квадратни километри или 11 проценти од територијата на Република Македонија. Од меѓународен аспект, регионот е позициониран помеѓу Република Грција и Република Бугарија, поради што претставува потенцијален центар за привлекување на секој посетител кој транзитира во околината на овој простор.

Туризмот претставува еден од најважните и најбрзо растечки индустриски сектор, препознатлив за 21 век. Преку туризмот и креирањето на соодветна туристичка понуда се стимулираат развојните процеси во рамки на националната економија, се негува природното и културното наследство и се придонесува за национална интеграција на луѓето.

Претпријатијата кои работат во секторот туризам постојано се соочуваат со нови предизвици кои се наметнуваат од новите услови во работење и промена на традиционалниот начин и филозофија на работа во нов, унапреден бизнис модел. Глобалните промени во окружувањето ги принудуваат претпријатијата да бидат флексибилни, постојано да бараат нови концепции на работа. Збогатувањето, креирањето на нова туристичка понуда, претставува перспективен концепт на работа кој подразбира континуирано истражување на окружувањето, воведување на иновативен концепт преку искористување на можностите на пазарот и иновативноста на претприемачите и користење на современ менаџмент пристап.

## 2. Географски опис на Југоисточниот регион

Југоисточниот регион се протега на крајниот југоисточен дел на Република Македонија и го опфаќа подрачјето на Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската Котлина, односно се простира по долината на реката Струмица и долниот тек на реката Вардар. Географската поставеност на регионот ги опфаќа споменатите котлини и масивите на планините Беласица на југ, Огражден на исток, Плачковица на север, Срта во централниот дел и источната страна на Кожуф Планина. На југ граничи со Република Грција, на исток со Република Бугарија, а на север и запад со Источниот и Вардарскиот регион. Регионот зафаќа површина од 2.835 км2, односно 10,9 % од вкупната површина на државата.

Југоисточниот регион го сочинуваат општините: општина Богданци, општина Босилово, општина Валандово, општина Василево, општина Гевгелија, општина Дојран, општина Конче, општина Ново Село, општина Радовиш и општина Струмица, со вкупен број од
173.416 жители и густина на населеност од 63,2 жители на км$^2$. Во Табела 1, ќе бидат прикажани статистички податоците за население, површина и населени места за општините кои припаѓаат на Југоисточниот регион.

**Табела 1.:** Податоци за вкупниот број население, површина и населени места за општините во Југоисточниот регион

| Општина | Население (2013)[1] | Површина (во км2)[2] | Населени места[120] |
|---|---|---|---|
| Општина Богданци | 8.329 | 114,24 | 4 |
| Општина Босилово | 14.115 | 161,99 | 16 |
| Општина Валандово | 11.883 | 328,00 | 29 |
| Општина Василево | 12.798 | 230,42 | 18 |
| Општина Гевгелија | 22.831 | 479,93 | 17 |
| Општина Дојран | 3.344 | 129,16 | 13 |
| Општина Конче | 3.596 | 223,06 | 14 |
| Општина Ново Село | 10.957 | 237,79 | 16 |
| Општина Радовиш | 28.915 | 497,50 | 36 |
| Општина Струмица | 50.615 | 321,53 | 25 |
| ВКУПНО | 173.472 | 2.733,62 | 188 |

**Извор:** Агенција за катастар на недвижности – АКН ГИС

## 3. Туристички потенцијали во Југоисточниот регион

Природните убавини, чистата околина, езера, планини, водопади, термални води, манастири, локалните манифестации, здравата и традиционална храна збогатени со гостопримството на жителите од југоистокот, го привлекуваат вниманието на туристите и случајните минувачи. Туристичката понуда во овој регион се состои од повеќе аспекти: термоминерални потенцијали, водопади, езера (природно и вештачки), историски локалитети и објекти, цркви и манастири, различни видови настани и манифестации како и одредени туристички капацитети.

Регионот располага и со термоминерален хидропотенцијал. На околу 12 км југоисточно од градот Струмица, под планината Беласица се наоѓаат термоминералните извори на Бања Банско. На 5 км северозападно од Гевгелија, на надморска височина од само 59 метри се наоѓаат Негорски Бањи. Од водените ресурси со кои располага Југоисточниот регион можат да се издвојат Смоларскиот

---

[1] Државен завод за статистика – Проценки на 30.06.2013 и на 31.12.2013 година.
[2] Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија. [120] Државен завод за статистика – Проценки на 30.06.2013 и на 31.12.2013 година.

Водопад со височина од 39,5 метри и Колешинскиот Водопад со височина од 15 м, кои се наоѓаат во општина Ново Село. На подрачјето на овој регион се наоѓаат повеќе вештачки езера меѓу кои „Мантово" во општина Конче, „Турија" и „Водоча" во општина Струмица, „Паљурци" во општина Богданци. Природното Дојранско Езеро во општина Дојран пак е едно од најубавите природни ресурси во Република Македонија.

Во Југоисточниот регион се наоѓаат поголем број на познати историски локалитети и објекти. Археолошкиот локалитет „Исар" во с. Марвинци, „Идомена" - подземен споменик на културата, „Стакина чешма" во општина Валандово, археолошкиот локалитет „Страната", во близина на село Ангелци, црквата „Св. Петка" во селото Требичино, општина Василево, археолошкиот локалитет Вардарски Рид во општина Гевгелија, Манастирот Свети Стефан во општина Конче, археолошкиот локалитет„Црвено Поле" во близина на селото Барбарево, „Ќерамидарка" некропола од 11 век со околу 20 гробови со уникатен накит во селото Мокрино, општина Ново Село, црквата „Света Троица" во Општина Радовиш, манастирската црква Света Богородица Милостива (Елеуса) во село Вељуса, комплексот цркви Св. Леонтиј во селото Водоча како и познатиот локалитет Цареви Кули во општина Струмица.

На подрачјето на Југоисточниот регион се одржуваат различни видови настани - културни, спортски настани, фестивали, изложби и претстави кои се организираат и одржуваат во текот на целата година. Некои од поважните настани се: Фолк фест Валандово; Струмички карневал; Струмица опен фестивал; Смоквијада Гевгелија; Ден на празот, с. Градашорци, Василево; Фестивал на смоларскиот костен Ново Село; Првомајски трки во с. Стојаково, Богданци; Фестивал на изворен фолклор Гајда, с. Ињево, Радовиш; Манифестација Топол културен бран Конче и Манифестација Дојрански ракувања.

### 3.1. Сместувачки капацитети во Југоисточниот регион

Сместувачките капацитети кои нудат услуги за сместување на туристите-гости се изразуваат преку број на соби и број на легла, а во согласност со законската регулатива во Република Македонија се поделени на основни и комплементарни сместувачки капацитети. Најголем дел од сместувачките капацитети во Југоисточниот регион припаѓаат во групата на основните сместувачки капацитети како што

се хотели и мотели, но застапени се и комплементарните сместувачки капацитети како што се приватно сместување и бањи.
Објектите за сместување во Република Македонија се категоризирани според системот на ѕвезди во согласност со Правилникот за категоризација. Во Табела 2 даден е приказ на категоризацијата на сместувачките објекти во Југоисточниот регион, а на Графикон број 1, даден е графички приказ на категоризираните објекти.

**Табела 2.:** Преглед на категоризираните објекти во Југоисточниот регион

| | |
|---|---|
| **Супериор Хотели со 5*** | Хотел Принцес, Гевгелија |
| **Хотели со 5*** | Хотел Аполонија, Гевгелија<br>Хотел Фламинго, Гевгелија<br>Хит Казино хотел, Дојран |
| **Хотели со 4*** | Хотел Романтик, Дојран<br>Хотел Нар, Гевгелија<br>Хотел Глигоров, Струмица<br>Хотел Вила Парк, Струмица |
| **Хотел со 3*** | Хотел Централ, Струмица |
| **Хотели со 2*** | Хотел Тивериопол, Струмица<br>Хотел Јасен, Гевгелија<br>Хотел Истатов, Дојран<br>Хотел Македонија, Дојран |
| **Хотели со 1*** | Мотел Вардар, Гевгелија<br>Хотел Полин, Дојран<br>Мотел Мис Стоун,<br>Регионален пат Струмица<br>Радовиш - |

**Графикон 1.:** Приказ на категоризираните објекти




Од извршеното истражување за сместувачките капацитети и категоризација на истите во хотели со 1* до супериор хотели со 5*, општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Конче и Ново Село немаат категоризиран објект за сместување, односно 60 % од општините на територијата на Југоисточен регион немаат сместувачки капацитет соодветен за туристичката побарувачка.

Според местоположбата на сместувачките капациети, на подрачјето на општина Гевгелија има вкупно 6 категозирани хотели или 37,5 % од вкупно расположливите капациети во Југоисточниот регион, а на подрачјето на општина Струмица има 5 објекти-хотели или 31,25 % од вкупно расположливите капацитети.

## 4. Мали и средни претпријатија во Југоисточниот регион

Современите трендови на глобализација доведуваат до одредени промени во сите сегменти од работењето на претпријатијата во сите

области, вклучително и во секторот туризам. Бројни студии ја истакнуваат улогата на туризмот во подобрување на квалитетот на животот на туристите[3].

Современите текови влијаат кон проширувње на барањата на туристите и нивно насочување кон нови туристички содржини кои сè уште не се туристички афирмирани.

Туризмот е сектор кој го поттикнува економскиот развој и има голема улога во креирањето на пазарот на труд и формирањето на претпријатија во туристичкиот сектор, посебно претпријатијата специјализирани за одредени услуги. Туризмот претставува патување заради одмор, забава, лекување и разгледување на знаменитости[4]. Поголемиот број на современи туристички движења вклучуваат одредени активности.

Поврзаноста помеѓу туризмот и малите претпријатија произлегува од постоењето на потребата која претставува основа за поврзување на овие два сегмента. Унапредување на развојот на туризмот преку малите и средни претпријатија се согледува преку факторите кои го иницираат развојот на туризмот и економските придобивки кои се јавуваат како излезни вредности од развојот на туризмот. Во туризмот, малите и средни претпријатија претставуваат клучен фактор за растот на туристичката индустрија на глобално ниво[5].

Малите претпријатија можат да вработат многу луѓе и споредувајќи го износот на пари инвестирани во малите бизниси, трошоците по работно место се далеку пониски отколку во големиот бизнис. Малите бизниси работат со луѓе, додека големите бизниси работат со „системи"[6].

---

[3] Kim, H., Woo, E., Uysal, M. (2015), „Tourism experience and quality of life among eldery tourists", Tourism Management, Vol. 46, pp. 465–476. Kirpalani, V. H. (1987), „International Marketing and the Quality-of-life", in Samli, A.C. (Ed.), Marketing.

[4] Муќиновиќ, Љ., „Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје, 1990 г, стр. 602.

[5] Burkart, A. J. and Medlik, S. (1974). Tourism. Past, Present and Future. London: Heinemann.

[6] Бојаџиоски, Д., Блажеска, О. (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје, стр. 121.

Поседувањето и раководењето со мал бизнис од психолошки аспект, може да влијае многу позитивно и наградувачки, кога сопственикот е одговорен за сопствените успеси и има слобода самиот да донесува одлуки и истите да ги спроведува. Независноста и флексибилноста во работењето придонесува малите претпријатија да бидат двигатели на развојот на туризмот.

## 5. Препораки и насоки за развој на малиот бизнис во секторот туризам во Југоисточниот регион

Југоисточниот регион има големи можности и потенцијал за започнување со работа на мали претпријатија кои ќе овозможат задоволување на најразличните потреби на посетителите - туристи, но и самите жители во овој регион. Малите претпријатија треба да се насочат кон туризмот бидејќи реално постојат големи можности за раст и развој поради постоењето на соодветни природни туристики капацитети. Долгорочна цел на на секое претпријатие е раст и развој како и постигнување на водечка позиција на подрачјето и секторот како и сатисфакција на потрошувачите.

Развојот на туризмот во овој регион зависи од обезбедувањето на одредени предуслови. Основен предуслов за поттикнување на развојот на туризамот во овој регион е постоењето на претприемничката иницијатива и култура во креирањето на соодветна туристичка понуда и различните содржини кои се составен дел на туристичката понуда. Големината на претпријатијата не ги ограничува од аспект на примена на иновации и претприемничка иницијатива[7].

Основањето и усовршување на работата на претпријатијата од секторот туризам наметнуваат имплементирање на оригинални процеси на организирање на работата кои во основа се базираат на реалната состојба и можностите за развој на препријатијата. Имајќи ги предвид расположливите туристички и сместувачки капацитети со кои располага Југоисточниот регион, како можни препораки за поттикнување на развојот на малите претпријатија во секторот туризам би биле следните: креирање на соодветна иновативна понуда со цел постигнување високо ниво на синергија и корелација

---

[7] Drucker P. (2005), „Управување во новото општество", Адижес, Нови Сад, 2005, стр. 82.

помеѓу потребите на потрошувачите - потенцијални туристи и туристички аранжман за постигнување на состојба на општо задоволство кај туристите, формирање на претпријатија за посредување во сите сегменти од туризам, креирање на соодветен маркетинг систем, имплементирање на соодветен информационен систем, претпријатија за обука и едукација на човечките ресурси во овој сектор, примена на е-концепти во сите сегменти од работењето и различни облици на финансиска поддршка за новооснованите претпријатија во овој сектор.

## 6. Заклучок

Воведувањето на иновативна туристичка понуда претставува основен фактор за развој на туризмот во Југоисточниот регион. Збогатувањето, креирањето на нова туристичка понуда претставува перспективен концепт на работа кој подразбира континуирано истражување на окружувањето, воведување на иновативен концепт преку искористување на можностите на пазарот и иновативноста на претприемачите и користење на современ менаџмент пристап. Конкуренцијата ги охрабрува малите претпријатија постојано да бараат нови и подобри начини за работа, снабдување со подобрени производи и услуги, да пронајдат поефикасни и ефективни начини на управување со претпријатието и да применуваат нови методи и процеси на работа.

Малите претпријатија и нивните потенцијали за постојано иновирање создаваат можност за оригинален настап на пазарот и воведување на нови производи во различни категори, креирајќи систем на заеднички интерес, преку што се подобруваат економските вредности на локално, регионално и државно ниво.

Претпријатијата чија што основна дејност е туризмот постојано се соочуваат со нови предизвици кои се наметнуваат од новите услови во работење и промена на традиционалниот начин и филозофија на работа во нови, иновативни начини на работа. Глобалните промени во окружувањето ги принудуваат претпријатијата да бидат флексибилни, постојано да бараат нови концепции на работа.

Туристичките и сместувачките капацитети со кои располага Југоисточниот регион создаваат можности за зголемување на бројот на мали претпријатија и унапредување на работата на малите претпријатија поради фактот што постојат услови за создавање нова,

оригинална туристичка понуда, маркетинг концепт и концепт на меѓусебно поврзување преку примена на новите е-концепти во работењето.

## Референци:


1. Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија;
2. Бојаџиоски Д., Блажеска О. (2009), Економика на претпријатие, Економски факултет, Скопје;
3. Burkart, A. J. and Medlik, S. (1974), Tourism. Past, Present and Future. London: Heinemann;
4. Drucker P. (2005), „Управување во новото општество", Адижес, Нови Сад;
5. Државен завод за статистика – Објавени податоци од 30.06.2013 и од 31.12.2013 година;
6. Фити Т. (2008), Основи на економијата, Економски факултет, Скопје;
7. Kim, H., Woo, E., Uysal, M. (2015), „Tourism experience and quality of life among eldery tourists", Tourism Management, Vol. 46, pp. 465–476. Kirpalani, V. H. (1987), „International Marketing and the Quality-oflife", in Samli, A.C. (Ed.), Marketing;
8. Муќиновиќ, Љ. (1990), „Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје;

8. Шуклев Б. (2004), Менаџмент на малиот бизнис, Економски факултет - Скопје, Скопје.


## Интернет извори:


- http://www.ced.org
- http://www. ec.europa.eu
- http://www.examiner.com/article/characteristics-of-asmall-business
- http://www.stat.gov.mk/
- http://katastar.gov.mk